International Theatre Institute ITI
**World Organization for the Performing Arts**
UNESCO, 1 Rue Miollis, FR-75732 Paris
Cedex 15 info@iti-worldwide.org / www.iti-worldwide.org

## 30-ГОДИШНИНА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ТАНЦОТ 2012

### ДА СЕ СЛАВИ БЕСКОНЕЧНАТА КОРЕОГРАФИЈА НА ЖИВОТОТ!

Низ текот на времето, низ годините, единствено уметноста опстанува. Уметноста, се чини, е единственото нешто што човештвото го остава на своите наследници, без разлика дали се работи за градби, книги, слики, или музика. За движење или за танц. Така, за мене, танцот е најактуелната и најсовремена лекција по историја во постојана врска со своето блиско минато и се случува само во сегашноста.

Танцот, како и многу други уметнички форми, на одреден начин, нé признава граници. И тогаш кога некои стилови се обидуваат да се ограничат или да се стават во некоја рамка, движењето на животот, неговата кореографија и потреба за постојани промени брзо преовладува и овозможува стиловите да се измешаат. Сé е во акција со сé, толку природно и, танцот се удомува во просторот каде што припаѓа. Оваа сегашност во постојана промена.

Јас мислам дека танцот е една од најискрените форми на изразување што ние треба да ја негуваме, бидејќи додека луѓето танцуваат сеедно дали е тоа балет, хип-хоп борба, експериментална изведба на современ танц, или едноставно се случува во дискотека, таа зрачи и ретко кога лагата може да ја засени, или пак, се става маска. Луѓето постојано се одразуваат едни во други, но кога танцуваат тоа што несомнено најмногу го одразуваат е  мигот на искреност.

Движејќи се како другите, движејќи се со другите и гледајќи како тие се движат ние можеме подобро да ги почувствуваме нивните емоции, да ги читаме нивните мисли и да се поврземе со нивната енергија. Тоа како да е мигот кога ние можеме луѓето јасно да ги запознаеме и да ги разбереме.

Сакам да си ја замислам претставата како славење на соживотот, како начин таа да даде и да отстапи од просторот и од времето и за другите. Нам ни се случува да го заборавеме тоа, но имплицитната убавина на претставата се состои, пред сé, во среќавање на група луѓе, кои седат едни покрај други и кои споделуваат ист момент. Во тоа нема ништо приватно, претставата е едно исклучително социјално доживување. Секој од нас кои сме се собрале на тој заеднички ритуал, којшто е нашата врска со претставата, е нашата врска со самата сегашност.

Така, во 2012 година, јас им посакувам на сите многу танц. Не за да се заборават проблемите од 2011, напротив, креативно да се совладаат, да се танцува околу нив за да се најде начин за учество на секој од нас и на целиот свет, да се ангажираме во животот како дел од оваа бесконечна кореографија. Да се танцува за да се пронајде искреноста, да се пренесе, да се одрази и да се слави.

**Сиди Ларби Шеркауи**

Превод: Елена Никодиновска

**Биографија**

Белгискиот танчер и кореограф **Сиди Ларби Шеркауи (Sidi Larbi Cherkaoui)** е роден во 1976 година во Антверпен. Припаѓа на новата генерација на фламански кореографи, кои кон крајот на деведесеттите години на минатиот век, излегоа од кругот околу **Alain Platel**, **Les Ballets C. de la B** и **Anne Therese De Keersmaeker**. Благодарение на неговите фламански и марокански корени, се развива во уметник кој што во современиот танц ја развива моќта на интеркултурниот дијалог, но, исто така го развива и специфичниот и возбудлив кореографски јазик, кој што црпи инспирација од сите форми на танцот на сцената, со избор и на разни други танцови жанрови. Тој има освоено многу престижни награди.